# СПОРТОТ ОД ПОГЛЕД НА ЕДЕН СВЕТОГОРСКИ МОНАХ, ПОРАНЕШЕН СПОРТИСТ (2)

## (ПРЕДАВАЊЕ ПРЕД ОЛИМПИСКАТА АКАДЕМИЈА НА КИПАР)

Заедничките точки на Православната Црква и на спортот се овие:

1. 'Здрав дух во здраво тело', што се толкува православно: 'дух осветен во тело осветено од несоздадената Божја благодат којашто се дава во Православната Црква'. Душевната и телесната аскеза се врши за да стекнеме смирение и чистота, како што ги стекна овие добродетели Пресвета Богородица во Светињата на Светите.

2. Човекот го вежба телото за да има здравје, подвижност, живост, сила. Здравјето и тоа што следи од него ѝ помагаат на повозвишената од телото душа во трудот за меѓусебна духовна љубов, за слава на Бога и на човекот. Апостолот Павле некаде вели: „Јадете ли, пиете ли или нешто друго правите, сето тоа правете го во слава Божја". На пример, Светиот великомаченик Димитриј, заштитникот на Солун, му го даде својот благослов на Светиот маченик Нестор да земе учество во спортот на гладијаторството со големиот противник, идолопоклоникот Лиј, кого што го победи со благодатта Божја и со молитвите на Св. Димитриј.
Св. Пророк Давид во гладијаторска борба го победи Голијат, којшто беше идолопоклоник, откако претходно се помоли.
Гледаме дека Православната Црква го афирмира спортот, бидејќи тој Го прославува Бога и на крајот и човекот.

3. Спортот е средство, инструмент на човекот за да се опушти психолошки, да ја најде повторно својата изгубена психосоматска складност. Црквата го сака следново: спортот да му служи на човекот, а не човекот да е механички дел на спортот.
Кон психосоматската складност на човекот стреми и Православната Црква со постот, бдението, умствената молитва, 'Господи Исусе Христе помилуј ме грешниот', аскезата, богослужението, покајанието (преумувањето).



Црквата очистува, просветлува и озарува со несоздадената светлина Христова. Таа светлина ги преплавува умот, желбата, дразбениот дел на душата и целото тело на човекот. Таа го прави светол, осветен, способен да ги исцелува и да ги утврдува сите оние коишто доаѓаат во контакт со него, како што се случува со моштите на Светителите, коишто се Христови атлети (спортисти).

**3,2,1:**
**Стекнувањето на цврстата и правилна волја се постигнува после долго и напорно вежбање од многу мала возраст.**




Сега да видиме накратко што се случува во современото општество и во современиот спорт.
Агонијата, немирот, себеоправдувањето, себељубието, егоистичкото затварање во себеси, континуираниот монотон конфорен седечки живот на градовите и понекогаш и на селата, вревата на машините, злоупотребата на техниката и на културата, менувањето на етосот на народот, ја карактеризираат денешната општествена состојба. Болниот 'осамен човек' на милионските градови насекаде се пројавува болно.

Тоа јасно се гледа на стадионите. Секирациите, маките, семејните проблеми, агонијата, отсуството на смисла за живот, незадоволството кон претпоставениот на работното место, излегуваат од потсвеста, каде што се потиснати, и се насочуваат кон судијата и кон противниците. Тоа што се случува на стадионите претставува нужно зло. Гледаме како некои љубители на спортот и играчи прибегнуваат кон алкохол, дрога, плотски страсти итн., затоа што веруваат дека инаку би полуделе. Православната Црква чувствува болка затоа што знае дека луѓето не само што се оптоварени со гревови и проблеми туку и дека не сакаат да се ослободат од тој товар (Св. Јован Златоуст). Таа состојба им станува втора природа. Егзистанцијалистите велат: „Човек сум затоа што имам страв". Се плашат дека ќе умрат без страв. Исповедта може да му помогне на човекот, и на судијата и на љубителите на спортот, да умрат со страв, да воскреснат без страв и да се помират со Бога, со себеси и со своите ближни. Да ја постигнат нивната општа цел, т.е. обожението, да станат богови по благодат.

Постојат некои спортисти во Грција и на Кипар коишто го применуваат православниот живот. Нормално, тие се светлите исклучоци од правилото. Затоа што денес по правило од спортските терени отсуствува жртвата, љубовта, смирението, братството, взаемното простување, состраданието, несреброљубието, несебичноста итн.
Постои острастено служење на богињата топка, сув професионализам, давање на премии, трговија со играчи, политизирање со цел да се пренесат проблемите на човековата личност, таа да се претвори во маса, ...развратен живот, маркетинг на интернационални фирми преку спортот. Гледаме тимови како носат дресови со натписи на ДАТСУН, Карлсберг, или на Олимписките игри, како се наметнуваат фирми за какао, за часовници ОМЕГА, кока кола итн.
Каде е, молам, барем древниот Олимписки дух? Древните Елини, нашите славни предци, пред да ги започнат натпреварите, принесувале жртви на боговите, се молеле. Секако, се наоѓале во заблуда. Но значајно е тоа што „со Бога се започнува“. Ги запирале војните пред натпреварите. Во историјата на Олимписките игри од 1896 година па наваму гледаме дека запираа Олимписките игри за да продолжат војните (Првата и Втората светска војна). Древните Елини не употребувале лекови или инекции (допинг) за да ги подобрат своите резултати и да постигнат победа, а денес нашироко се употребуваат.
Тој древен елински дух беше преобразен подоцна во христијански дух во Православната Црква и го зачува доброто што го имаше. Го отфрли само идолопоклонството, отуѓувањето на човекот. Досега, по Литургијата на вториот ден од Велигден Кипраните играат кипарски традиционални игри и се натпреваруваат во атлетика, играат фудбал, одбојка итн.
Православната Црква не го отфрла спортот, туку го прегрнува и го осветува. Не го злоупотребува ниту пак го прави цел за себе. Не го апсолутизира релативното ниту го релативизира апсолутното.
Кога зборуваме за современите Олимписки игри би сакал да го наведам чинот на затворање на Олимписките игри во Барселона 1992 година, каде што одговорните, без да го информираат светот што ги следеше настаните преку телевизија, прикажаа и демонски игри, обреди и облици, давајќи го впечатокот дека владетел на спортот е ѓаволот и неговите инструменти. Секако, сценариото беше токму борбата на доброто со злото,
при што конечно победува доброто.



**Освен тоа постојат и други нешта коишто ја разубавуваат душата на човекот и ја вподполнуваат, како што се смелоста, трпението, упорноста, дисциплината, чувството за ритам и за мерка итн. Сето тоа се постигнува со спортувањето.**

Меѓутоа, не се нагласи дека злото е небитие, тоа е непостоечко и дека ако ние не му дадеме место, ако не му ја дадеме нашата слобода, тогаш тоа не може да постои. Ниту пак се нагласи дека Христос е единствениот Којшто со Својата смрт ги победи смртта и злото и со Својата сила воскресна, па според тоа само оние коишто се соединуваат со Христа, во Православната Црква, ги победуваат злото и смртта.
Завршувајќи го ова предавање би сакал да се осврнам на одредени практични мерки за поткрепување на спортот во Христа во срцата на љубителите на спортот, играчите, судиите, тренерите и раководните фактори во спортот. Секако, сите човечки мерки се половични без слободата на Светиот Дух, без скрушеноста, љубовта. Во секој случај ако човекот посака, тогаш Бог ќе содејствува на Својот начин.

1. Да се постигне независност на спортот од политичките партии, од фирмите, од банките. Како? Со полагање на надежда во Бога и во Неговиот спортољубив народ „и сè друго ќе ви се придаде“. Верата којштоа дејствува со дела спасува, а не парите.

2. Тренерите, раководните фактори, професорите по физичко образование да се обидат, ако сакаат, да бидат не само обрасци за техничка совршеност и физичка сила туку пред сè обрасци за луѓе мирни, чесни, искрени, разумни, праведни. Само познавањето на спортските правила не ја осигурува и нивната примена.
Православната Црква прифаќа дека: „Најголема од сите добродетели е расудувањето“. ‘Расудување’ значи познавање на себеси, непогрешно чувство за вистинското добро и способност за просветлување на темните точки на другите (Св. Јован Лествичник). Сè треба да бива убаво и согласно со востановениот поредок. Расудувањето се стекнува со ослободувањето од страстите преку благодатта Божја во Православната Црква.

Здрав дух во здраво тело, што се толкува православно: Дух осветен во тело осветено од несоздадената Божја благодат којашто се раздава во Православната Црква.

3. Да не се употребуваат спортистите како обични средства за успех на клубот, аналогно со целите, туку како луѓе 'според образот и подобието Божјо'. Мнозина спортисти со исцрпувачкиот тренинг и со употребата на допинг средства станаа телесно, економски и професионално некорисни. Со нив се соочуваат, за жал, како со автомобилски мотори, но кожни. Некои раководни фактори во спортот мислат дека човекот спортист нема душа. Полека-полека и спортистот го стекнува истиот начин на мислење. Себеси се смета како животно. Го интересира само да јаде, да пие, да спие, да се забавува, да троши: „Да јадеме и да пиеме, зашто утре ќе умреме".

4. Пред и после еден спортски натпревар да се врши славословие на Бога, како и петминутна проповед. Верувам дека така многу неумесни, валкани работи, како и антиспортската атмосфера, ќе запрат. Барем се намалува фанатизмот, којшто го ослепува човекот.

5. Да има взаемно простување после натпреварот, без задржана омраза. Така се постигнува внатрешното обновување и прогресивното издигање на спортот.

6. Спортистите треба да научат дека нема толкаво значење победата, колку што има учеството и ползата што следи од тоа. Се бориме за да се надминеме себеси, што претставува една голема победа, едно духовно подобрување.

7. И победата и поразот се неопходни. Без поразените, победници не постојат. Поразениот ќе ги види своите грешки и во иднина ќе стане подобар. Но за да биде тоа, т.е. да имаат полза и едните и другите, треба победникот да ја прима победата со смирение и скромност, а поразениот без разочарување.



8. Треба сите да гледаат на спортската борба и на победата во неа не како на цел за себе, туку како средство за да се овенчаат на арената на добродетелта.

9. Треба да научиме да ја разликуваме желбата за расудување и постигнување од стекнувањето човечка слава. Вистинскиот натпревар е надминувањето на себеси, отфрлањето на лажното и минливото, коешто е идолопоклонство.

10. Здравиот спортски дух се поистоветува со некористољубивоста. Среброљубието е најзначајната причина за девијација на спортот, коешто создава непријателства помеѓу поединци и групи, со катастрофални последици.

11. Да се создадат затворени спортски терени, каде што тие што сакаат ќе спортуваат без да плаќаат. Да има тренери на тие терени, специјални за секој спорт, коишто ќе им помагаат на спортистите согласно со нивните таленти. Така нема да имаат потреба од екипите за да напредуваат. Ќе се занимаваат невработените физички работници и воопшто ќе се форсира спортот. Затворените спортски центри да се градат близу до цркви, та да се поврзува богослужбениот живот со спортскиот. Таму ќе има и еден духовен отец - свештеник којшто духовно ќе ѝ помага на спортската младина.

12. За да излезе еден вистински спортист треба да соработуваат хармонично родителите, учителите, спортските работници и свештениците.

13. Ќе треба да се внимава и на улогата на телевизијата, на радиото и на печатот во поттикнувањето на духот на соработката помеѓу Православната Црква и спортот во полза на нашата младина, којашто бара да најде излез во безизлезите на современото општество. Правилното информирање, взаемното разбирање, употребата на образовни програми, соработката на сите полиња помеѓу црковните, спортските и новинарските фактори ќе помогне многу во обновувањето на вистинскиот Православен начин на мислење и на вистинскиот спортски дух.

14. Црквата и Државата да ги помагаат економски, професионално и духовно спортистите коишто се посветуваат себеси на спортот, така што и за време на спортувањето и по завршувањето на спортската кариера да имаат ценет општествен и професионален живот, којшто го осигурува душевниот, личниот и семејниот мир.

Душевната и телесната аскеза се врши
за да стекнеме смирение и чистота
како што ги стекна овие добродетели
Пресвета Богородица во
Светоста на Светите.

## ЕПИЛОГ

Не ви изложив утопии. Со малку добра волја и со благодатта Божја, сето она што го кажавме станува реалност. Не сакам да ве поучувам. Она со што ме имаат вдахновено моите професори по физичко воспитание: Андреас Костас, Динос Михаилидис, Парис и Андреас Стилијану и светогорските Свети отци, тоа и го изложив. Знам дека можеби ќе има реакции на тоа. Но верувам дека и од малечок и од луд можеш да ја учиш вистината. Еден јеромонах Светогорец од Григоријатскиот манастир ми го кажа следново: „Светогорскиот монах е следниве три нешта: **1**. Луд. **2**. Дете. **3**. Веселко. Луд е, т.е. безумен заради Христа (Ап. Павле). Дете е (*ако не бидете како децата нема да влезете во Царството Небесно*, вели Христос).
И веселко е, затоа што целиот негов живот е едно славословие кон Бога (*ќе Му пеам на мојот Бог сè додека постојам*).
Го пишувам ова исто така и за да не бидеме во самозаблуда дека сè е убаво и розево на полето на спортот. Не сакам да допирам одредени личности. Немам никаков нечист интерес. Чувствувам болка како поранешен спортист, а сега монах Светогорец, за состојбата на спортот, за којашто верувам дека сум виновен и јас во голем степен, затоа што не сум се молел доволно за луѓето коишто се поврзани со спортот. Затоа барам од сите вас прошка, а Бог вам да ви прости.
Се надевам дека ова предавање за спортот ќе биде повод за покајание, критика и плоден дијалог, со цел да ја спречиме целосната катастрофа на спортот.

*Светогорски монах*
**од грчки: Александар Арсоски**





